Арх.бр. УП1-15 2520/2022

Дата 09-03-2023

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Штип, се издаваат **Услови за планирање на просторот наменети за индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори на КП 284, дел од КП 285/2, КО Драгоево, Општина Штип.** Вкупната површина на планскиот опфат за кои се издаваат Услови за планирање на просторот изнесува 0,34 ha.

Планскиот опфат граничи со опфат на издадени Услови за планирање на просторот за изработка на ЛУПД за изградба на откупно-дистрибутивен центар со основна класа на намена Г4-стоваришта, на дел од КП 285/1 и КП 285/3, м.в. Лакавица, КО Драгоево, Општина Штип со тех.бр.У30916.

Во непосредна близина на планскиот опфат се наоѓа опфат на издадени Услови за планирање на просторот за изработка на ДУПД за бензинска пумпна станица и услужен центар, м.в. Лакавица и м.в. Остреш, на дел од КП 360, КО Драгоево, Општина Штип со тех.бр.У29510.

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. У55322** се составен дел на Решението.

3. Меѓу приоритетните определби на Простронитот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачување на квалитетот и природната плодност на земјиште. **Планскиот опфат зафаќа земјиште од 2-та бионитетна класа.**

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при намена индустрија за склопување на филиални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори на КП 284 и дел од КП 285/2 во КО Драгоево, Општина Штип потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. При донесување на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација со намена за индустрија за склопување на филиални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори на КП


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

284 и дел од КП 285/2, КО Драгоево, Општина Штип, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Штип, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), поднесе барање преку електронскиот систем е-урбанизам, со број на постапка УПП 46873 од 31.10.2022 година, до Агенцијата за планирање на просторот, за издавање на Услови за планирање на просторот со намена за индустрија за склопување на филијални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори на КП 284, дел од КП 285/2, КО Драгоево, Општина Штип. Вкупната површина на планскиот опфат за кои се издаваат Услови за планирање на просторот изнесува 0,34 ha.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена за индустрија за склопување на филијални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори на КП 284, дел од КП 285/2, КО Драгоево, Општина Штип, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 2520/2022 од 27.12.2022 година.

Условите за планирање на просторот за планирање на просторот со намена за индустрија за склопување на филијални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори на КП 284, дел од КП 285/2, КО Драгоево, Општина Штип, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

**МИНИСТЕР**
Каја Шукова

Изготвил: Исмаил Шехаби

Одобрил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk